# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2008

## КЈУБИ МАКЕДОНИЈА



QBE

# Профил на компанијата

**содржина:** **страна:**


Профил на компанијата................. 3-5

Порака од претседателот на одборот на директори ......................................6

Извештај на генералниот менаџер .. 8-9

Обраќање од вториот извршен директор......................................10-11

Продажба ....................................12-15

Прием во осигурување................16-20

Сектор за штети .........................21-23

Човечки ресурси..............................24

Информатичка технологија..............25

Остварен финансиски резултат....26-27

Независно ревизорско мислење..30-31


КЈУБИ МАКЕДОНИЈА е водечки осигурувач во земјата и ја извршува дејноста преку својата Генерална дирекција во Скопје и повеќе експозитури низ целата територија во земјата. По извршените организациони и структурни промени, на 31.12.2008 година во Друштвото се вработени 397 работници, од кои 214 се вработени во администрација и 183 во агентска не-агентска продажба на осигурување.

Согласно Статутот, усогласен со Законот за супервизијата на осигурувањето и Законот за трговските друштва, во Друштвото е воспоставен едностепен систем на управување, Одбор на директорите.

Одборот на директорите го сочинуваат 6 (шест) члена: двајца извршни членови, од кои едниот е и генерален менаџер на Друштвото и четворица неизвршни членови, од кои еден е претседател на Одборот на директорите.

Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА е зачетник на осигурувањето во Македонија. Почнувајќи ја својата дејност во 1945 година, низ следните децении ја гради културата и традицијата на осигурување преку брендовите ДОЗ, ЗОИЛ и сега КЈУБИ МАКЕДОНИЈА. Речиси една деценија е дел од QBE Insurance Group, спојувајќи го интернационалното искуство и експертиза со извонредното познавање на потребите на клиентите на локално ниво.

Компанијата обезбедува широк спектар врвни решенија за осигурување и реосигурување од класата на неживот, односно имотни осигурувања, осигурување на лица од незгода, осигурување на моторни возила, осигурување транспорт и патничко осигурување.

Посветени сме на ефикасно и проактивно работење со нашите агенти, брокери и други партнери, обезбедувајќи распространета мрежа и достапност на нашите производи до крајните корисници.

**QBE во Европа**

Европските операции на QBE, што претставуваат речиси 40% од обртот на QBE групацијата, се водечка осигурителна компанија за специјализирани осигурувања на лондонскиот пазар и за комерцијалните осигурувања во Европа. Со својата активност и на пазарот на Lojds и на пазарите на компанијата, QBE нуди значителна разновидност на производи на брокерската заедница.

Нивната структура се состои од осум дивизии за прием во осигурување, ориентирани кон осигурителни производи, како што се: одговорност, реосигурување QBE Европа, имоти, автомобили, транспорт и енергија, специјализирани осигурувања и авиоиндустрија - сите наши операции може да склучуваат осигурувања во името на Lojds и на компанијата. Во Групацијата влегуваат и специјализирани осигурувања P&I и транспорт во Британија.

Покрај лондонскиот пазар, QBE работи во седум регионални центри во Велика Британија. Присутен е во 15 европски земји.

**QBE глобално**

Осигурителната групација QBE, со оценка „А+" според Standard & Poor's е една од водечките светски меѓународни компании за осигурување и реосигурување, со седиште во Сиднеј, Австралија. Работиме во 45 земји на земјината топка, присутни сме на сите клучни осигурителни пазари и сме водечка компанија во преземањето ризик на пазарите на кои сме одбрале да работиме, во поставувањето на тарифите и условите. Според завршната сметка за оваа година, компанијата оствари полисирана бруто-премија од вкупно 6.025 милиони фунти, додека фондовите на акционерите изнесуваат 5.364 фунти.

# QBE

## Визија

**Да бидеме меѓународно признати како:**

- крајно успешна осигурителна и реосигурителна групација
- неимар на акционерскиот капитал
- компанија што развива кадар што може да се спротивстави на сите предизвици
- компанија што се истакнува со постојана понуда на нови осигурителни производи и услуги со докажан квалитет

## Вредности

- долгорочно зголемување на акционерскиот капитал
- задоволство на клиентите и нивно задржување
- мотивираност на вработените
- интегритет

# QBE OPENUP

## Основен начин на однесување

| | |
|---|---|
| O | Отворено размислување |
| P | Лично влијание |
| E | Доверување |
| N | Градење мрежа |
| U | Највисок интегритет |
| P | Планирање |
| Q | Фокусирање на квалитетна |
| | услуга кон клиентите |
| B | Деловна проникливост |
| E | Претприемништво |

- Понуда на извонредни производи и услуги
- Иновација со негување на пристапот ,,може да се направи"
- Задоволство на клиентите и нивно задржување

**Зголемување на капиталот на акционерите**

# Порака од претседателот на одборот на директори

## 2008 беше динамична година исполнета со предизвици како од аспект на приспособување кон законските барања и можности така и од аспект на економските и пазарни услови.



Претстедател на одборот на директорите,
г. Андреја Јосифовски

Со задоволство можам да истакнам дека 2008 година Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА ја заврши со успешен резултат.

Нашата политика базирана на здрав апетит за преземање ризик во осигурувањето овозможува да ги искористиме потенцијалите на големата дистрибутивна мрежа, од една страна, а да обезбедиме сигурност за капиталот, од друга страна.

Една од основните заложби на компанијата е клиентите постојано да добиваат нови причини за задоволство од изборот токму на нашата комапнија кога е во прашање грижата за нивниот капитал и личната сигурност.

Согласно со новиот Закон за супервизијата на осигурувањето, што стапи во сила на 3 јули 2008 година, Друштвото се преструктуира од двостепен во првостепен систем на управување.

Во тоа својство КЈУБИ МАКЕДОНИЈА е една од првите осигурителни компании што на почетокот на 2009 година доби и потврда за успешно усогласување со Законот за супервизијата на осигурувањето.

Покажаната агилност е во функција на нашите клиенти, зашто е знак за конзистентност и стабилност на капиталот на компанијата, како и за способност да се одржува вредноста на акционерскиот капитал, согласно со преземените обврски од договорите склучени со клиентите.

Им се заблагодарувам на моите колеги од раководството за успешното спроведување на стратегијата на компанијата.
Исто така, им благодарам на сите вработени на поддршката и трудољубивоста. Со оглед на тоа дека 2009 е уште една тешка година од аспект на економска нестабилност, очекувам вредна и плодна работа од сите за што подобар резултат и сигурност на акционерскиот капитал.





# Извештај на генералниот менаџер

## Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА го продолжи континуитетот на успешно работење и годината ја заврши со позитивен резултат од 25 милиони денари пред оданочување и со добивка по оданочување од 10 милиони денари.

Со задоволство ќе истакнам дека резултатот е постигнат во еден исклучително турбулентен период како што беше изминатата година. Многу настани и активности од организационен и стратегиски аспект зависеа од изменетите надворешни услови за работа. Пред сè, тука се последиците што настанаа поради примената на неколку законски измени од 2007 година, а кои се одразија на начинот и системот на продажба на клучниот продукт-осигурување од автомобилска одговорност во 2008 година.

Имено заради престанокот на продажба на ова законски задолжително осигурување преку станиците за технички преглед, настана реорганизација на дистрибуцијата на овој портфељ. Плановите за продажба беа наметнати, но и амбициозно прифатени од продажните тимови. На тој начин беше задржан ударот од менувањето на продажните места за овој производ втемелени со години. Конкуренцијата и периодот на трансформација оставија последици врз полисираната премија и покрај исклучителните напори за профитабилен резултат, на што



Генерален менаџер,
г. Бошко Андов

секако влијаеше и исплатата на штети.

Од друга стана, ова осигурување, иако стратегиско, подложно е на нестабилност и политичка чувствителност. Особено тоа се почувствува преку намалувањето на минималната техничка премија за автоодговорност од страна на Владата за 30%. Точно е дека постоеше простор за намалување на цената, но тоа требаше да се направи по издржана анализа, која ќе покажеше дека едно такво намалување не може да биде поголемо од 10% до 12%. Овој процент на намалување го покажаа анализите на Националното биро, но за жал, не беа прифатени од Владата.

Со ова намалување на цената на автоодговорност, нашата компанија имаше помали приходи по основа на ова осигурување во износ од повеќе од 40 милиони денари само во последните 4 месеци од 2008 година.

Нашата политика да го градиме бизнисот на балансирано портфолио што ќе биде одржливо во иднина е особено изразена кај АО, но и кај останатите видови осигурувања.

Ниските премии и нелојалната конкуренција, од друга страна, го оптеретуваат овој пристап раководен од фокусираност кон квалитетни клиенти и осигурување базирано на технички позитивен резултат. Овие аномалии на пазарот, за жал, не можат да бидат регулирани поради неоформеноста на Агенцијата за супервизија на осигурувањето која е единствен легитимен регулатор на оваа дејност.

Зголемување на полисираната премија е постигнато кај осигурувањето на моторни возила - каско и на станови за клиенти со кредити од банките. Иако извонредно успешен, за жал, овој тренд е нарушен кон крајот на 2008 и продолжува во 2009 година објективно поради намалувањето на побарувачката на кредитите како последица од економската криза.

На развојот на продажбата му посветивме големо внимание, особено на искористување на новите законски можности, преку склучување договори за соработка со друштвата за застапување во осигурување. На овој начин се зголемува потенцијалот на КЈУБИ МАКЕДОНИЈА за дистрибуција и за прилив на нови клиенти. Тоа е исклучително важен сегмент во развојот на продажбата кој ќе продолжи да се развива и во наредната година. Ова е и одговор на големата трка со конкуренцијата за задржување или за преземање на свој дел од пазарот во време на етаблирање на странските осигурителни компании што се појавија во Македонија уште во 2007 година.

Втор фактор што влијаеше врз намалување на добивката е намалување на вредноста на акциите во други акционерски друштва што ги поседува нашата компанија. По таа основа имавме намалување од 55 милиони денари, вклучително и данокот на добивка за овој износ на намалување.

Минатата година ја завршивме со намален број вработени за 31 поради организациони и структурални промени, што од друга страна влијаеше и на заштеда на трошоците од работењето на друштвото.

Она што нè очекува во 2009 година е напорна работа и флексибилност спрема условите на пазарот, кои не ветуваат исполнување на големи планови. Секако КЈУБИ МАКЕДОНИЈА ја продолжува својата долгорочна стратегија за добар прием, навремена исплата на штети и доволно широк обем на сите класи на осигурување. Нашата филозофија е едноставна, деловните одлуки што ги носиме ја редуцираат можноста за неизвесност по резултатите и обезбедуваат супериорна стабилност за нашите клиенти.

Им се заблагодарувам на сите колеги за работата во 2008 и за нивното залагање. Особено се надевам дека ќе продолжиме успешно да работиме и при исклучително тешките продажни услови што нè очекуваат во оваа година и дека ќе ја задржиме нашата позиција на пазарот.

# Обраќање од вториот извршен директор

**Со ефективна и ефикасна работна поставеност, со цел соодветна легислативна поддршка на политиката на работењето, Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА обезбеди усогласување со Законот за супервизијата на осигурувањето и со другите позитивни прописи што ја детерминираат проблематиката на осигурувањето во Р. Македонија.**





Менаџер за усогласување со закони
г. Ристо Секуловски

Со цел завршување на деловната 2008 година со позитивен резултат, подобрување на претходните работни резулати, стабилизација на осигурителниот портфељ и обезбедување на целосна законска поддршка на бизнисот, обезбедена е целосна усогласеност на Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА со позитивните законски прописи и подзаконски акти.

Со ефективна и ефикасна работна поставеност, со цел соодветна легислативна поддршка на политиката на работењето, Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА обезбеди усогласување со Законот за супервизијата на осигурувањето и со другите позитивни прописи што ја детерминираат проблематиката на осигурувањето во Р. Македонија. За претходно споменатото, Министерството за финансии на Р.Македонија, на ден 20.02.2009 година, издаде Решение бр. 12 - 1834315.

Во текот на 2008 година се работеше активно во создавање политики и практики што резултираа со зајакнување на организационата поставеност, почитување на работничките права, заштита на личните податоци на вработените и на клиентите, соодветна заштита за спречување на перење пари, други приноси од казниво дело и финансирање тероризам, почитување на правата на клиентите и на организациите со кои Осигурување КЈУБИ Македонија воспоставува административно-правни односи.

Спроведувајќи одлука донесена од страна на Управниот одбор, Одборот на директори донесе одлуки преку кои се изврши промена на организационата форма на деловните едници на Осигурување "КЈУБИ Македонија" а.д Скопје. Следствено, со цел остварување на стратегиската поставеност, Осигурување "КЈУБИ Македонија" а.д Скопје продолжи да функционира преку организациони форми на експозитури и застапништва. Со одлука на Одборот на Директори, а поради зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето, се изврши укинување на жиро - сметките на експозитурите за неживотно и животно осигурување.

Во текот на 2008 година, активно следејќи ги законските промени во Р.Македонија, обезбедивме соодветна подршка на продажбата според приоритетната дејност и другите дејностите во внатрешниот и надворешниот промет на Осигурување "КЈУБИ Македонија" а.д Скопје.

Следејќи ги и применувајќи ги законските одредби што ја детерминираат проблематиката на осигурувањето во Р. Македонија, воспоставувајќи практики и политики на работење предвидени на ниво на КЈУБИ групацијата, обезбедивме политика на компатибилно работење применувајќи ги глобалните политики на КЈУБИ Групацијата на национално ниво во Осигурување КЈУБИ Македонија Скопје.

Активно следејќи ги законските промени во Р. Македонија, обезбедивме соодветна поддршка на продажбата и на сите домени на функционирање на Осигурување КЈУБИ Македонија Скопје.

Осигурување КЈУБИ Македонија е чекор пред останатите компании што функцираат во областа на осигурувањето. Обезбедувајќи комплетна законска усогласеност, почитувајќи ги законите од областа на функционирањето на компанијата, законите од областа на заштитата на личните податоци, законските одредби за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, обезбедивме стабилен организационен систем подготвен за успешно остварување на стратегиските цели и за опстанок на пазарот.

Им се заблагодарувам на сите колеги за поддршката во текот на 2008 година. Верувам дека во годината пред нас ќе го одржиме системот на функционирање што го воспоставивме, подобрувајќи го со цел остварување на стратегиската поставеност на Осигурување КЈУБИ Македонија.

# Продажба



Регионален менаџер за продажба,
г. Зоран Алексовски

## Агентска продажба

### Регион Скопје и Западен регион

Главната карактеристика на 2008 година беше нестабилност во осигурителниот пазар во земјата, што резултираше со пад во остварувањето на планот..

Наместо предвидениот реален пораст од 5%, планот за полисирана премија за периодот јануари - декември 2008 година продажбата на полисите за автомоблиска одговорност се одвива преку агенти, со што и планот беше амбициозно поставен.

Потфрлувањата во остварување на планските задачи во 2008 година се резултат на поголем број објективни околности:

- нелојална конкуренција,
- рушење на цените на осигурителните продукти,
- необновени непрофитабилни бизниси,
- тендери - необјективност при одбирање,
- лошата економска и финансиска состојба доведе до ограничување на развојот на осигурителниот пазар.

Треба да се истакне дека во деловната 2008 година успеавме да ги обновиме сите поголеми клиенти.

Наплатата на премијата во 2008 година бележи пораст од 20% споредено со 2007 година. Меѓу останатото ова се должи и на измените во законската регулатива и наплата на премија по АО полиси.

Особено е значајно успешното приспособување кон новите промени во законската регулатива. Потпишавме договор за деловна техничка соработка со 2 (две) друштва за застапување во осигурување.

Бројот на вработени во Западниот регион на крајот на 2008 година изнесува 89 лица, од кои 1 регионален менаџер, 8 тим-менаџери и 80 агенти.

Во моментов, продажбата се одвива преку 80 интерни агенти и 60 надворешни лиценцирани агенти.

Забрзано се одвиваат подготовките за проширување на продажната мрежа.

### Продажба



| | |
|---|---|
| Агентска | 77% |
| Неагентска | 16% |
| Директна продажба | 7% |





Регионален менаџер за продажба,
г. Марјан Оручоски

## Регион Скопје и Источен регион

Можам слободно да кажам дека зад нас остана една многу турбулентна година, во која се случија значајни настани како на осигурителниот пазар, така и внатре во самата компанија.

Промената на начинот на дистрибуција на полисите за автомобилска одговорност, намалувањето на цената на истите полиси од страна на Владата, намалувањето на осигурителните премии воопшто, како и агресивниот настап на конкурентските компании, беа некои од главните предизвици со кои се соочи продажната мрежа на КЈУБИ МАКЕДОНИЈА.

Од една страна, промената на начинот на продажба на АО полиси придонесе на агентите и застапниците да им се отвори ново поле за работа. Од друга страна, буџетот претставуваше предизвик бидејќи моравме за релативно кратко време да се организираме и да го преземеме бизнисот.

Со вонредно залагање на тим-менаџерите како и со креативноста, умешноста и упорноста на агентите и на застапниците, успеавме да полисираме околу 34% повеќе премија, односно, за разлика од 331.9 милион денари во 2007, сега во 2008 година полисиравме 443.8 милиони денари. Намалувањето на премиите за осигурување речиси на сите видови продукти нè спречи да постигнеме и позначајни резултати. Намалувањето главно произлезе од намалување на премиските стапки поради конкурентност, како и на стекнати бонуси и попусти по разни основи.

Изминатата 2008 година наплативме околу 422.6 милиона денари за разлика од 2007 година кога имавме наплата од 324,7 милиони денари. Тоа покажува дека наплатата ја следи продажбата со извонреден процент и во овие тешки економски состојби.

Како во 2007, така и во 2008 година вложивме посебен ангажман во продолжување на активностите за развој на продажната мрежа. Продажбата преку дистрибутивните канали ја насочивме така што сега речиси сите застапници се организирани од страна на овластена агенција за застапување со која ние имаме ексклузивен договор.

Во наредната 2009 година очекуваме да ја зголемиме полисираната премија повторно за околу 5% во делот на сите видови осигурувања, освен во делот на осигурување на живот каде што, природно, не можеме да дејствуваме, додека во делот на осигурување на автомобилска одговорност очекуваме намалување од 30%, најмногу поради намалувањето на цената и стратегиското селектирање на пазарот. Наплатата на премијата ќе биде еден од приоритетите бидејќи сме свесни дека во наредниот период е можно светската финансиска криза посилно да влијае и врз Македонското стопанство.

Свесни за новите предизвици, како и за влијанието на светската економска криза врз стандардот и куповната моќ на граѓаните, а и врз успешноста на компаниите, чувствуваме умерен оптимизам бидејќи сме убедени во моќта на професионалноста и стручноста на нашите агенти, како и во исправноста на стратегијата на нашата компанија. Компанија што знае да ги цени човечките вредности, знае мудро да се справува со ризиците што ги презема и која можеби конзервативно но домаќински управува со своите средства, може да биде добра потпора за продажбата.



## Неагентска продажба

Организациски, неагентската продажба опфаќа работа со:

- брокери
- туристички агенции
- банки

Успешната соработка со брокерите продолжи и во 2008 година со засилен интензитет. Соработката се одвиваше преку давање осигурителни понуди и полиси со најоптимално покритие за клиентите за сите осигурителни продукти. За разлика од минатата година, соработката се прошири преку значително зголемување на продажбата на АО полиси. Тоа се должи на престанокот на продажбата на АО полиси преку станиците за технички преглед, согласно со упатствата добиени од Агенцијата за супервизија во осигурувањето при Министерството за финансии. Вкупно фактурираната премија преку брокери за 2008 година достигна 160.милиони денари од кои 82 милиона беа само АО полиси. Порастот во однос на 2007 година изнесуваше 7,5% во делот што не го вклучува осигурувањето од автомобилска одговорност.



Менаџер за неагентска продажба,
г. Филип Мешков

Работењето со туристичките агенции и во 2008 година се одвиваше преку промоторот за патничко осигурување кој беше одговорен и за продажбата на патничко осигурување преку банките и брокерите. Потпишани беа 6 нови договори за соработка со туристички агенции. Исто така, поради неуспешната промоција на нашиот продукт од страна на некои туристички агенции, бевме принудени да раскинеме неколку претходно склучени договори. Туристичките агенции во 2008 година, заедно со банките и брокерите, продадоа полиси за патничко осигурување во износ од 11 милиони денари што е за 7% помалку во однос на 2007 година.

Овој незначителен пад во продажбата на патничко осигурување во минатата година, пред сè, се должи на влошувањето на состојбата со нашиот јужен сосед Грција, каде што значително се намалија патувањата, а со тоа и продажбата на патничко осигурување.

Продажбата преку банките забележа најголем пораст од воспоставувањето на продажбата преку овој вид дистрибутивни канали. Зголемената побарувачка на кредити за купување станови и моторни возила продолжи и во 2008 година, особено во првите три квартали, со значителна продажба на домаќинско и на каско осигурување во висина од 36 милиони, што е речиси за 40% повеќе отколку во 2007 година.

# Прием во осигурување



## Осигурување неживот

### Осигурување имот

Осигурителниот пазар во 2008 година од аспект на имотните осигурувања не беше особено динамичен и освен намалувањето на цените од страна на останатите осигурителни компании, што придонесе за намалување на премијата, не е забележана друга позначителна промена.

Направените анализи на резултатите во оваа класа на дејноста покажуваат дека планот на полисирана премија во 2008 година е остварен со 76%, а полисираната премија во 2008 споредено со 2007, година е намалена за 10%.

Новите осигурувања во вкупно полисираната премија учествуваат со



20%, што значи дека е многу тешко на пазарот да се придобијат нови клиенти, иако трендот на поврат на нашите стари осигуреници е во пораст. Тоа се должи на следење на нашата проверена стратегија за одлична осигурителна услуга и навремена и точна исплата на штети.

Меродавните штети во 2008 во апсолутен износ се зголемени за 6,34%, додека меродавната премија е намалена за 6,78%, па така меродавниот технички резултат изнесува 38,73%, за разлика од минатата година кога тој изнесуваше 34,21%. Ова пред сѐ се должи на незначителното зголемување на меродавните штети.

Генералната политика за подобрување на профитабилноста продолжи и во 2008 година. Поради тоа и понатаму продолжи трендот на откажување договори за осигурување кои досега се покажале нерентабилни и осигурувања за кои не се плака премијата за осигурување. Од друга страна, продолжуваме со политиката на перманентна грижа за клиентите и за договорите што покажале добри резултати.

Во текот на годината бевме присутни на повеќе тендери, иако генерално продолжи трендот објавување на тендери за осигурување без однапред утврдени стандарди за содржината на понудата. Ова резултираше тендерите да бидат повторно објавувани од страна на компаниите и потоа не секогаш да бидат објективни.

### Осигурувања кредити

Во 2008 година имавме стагнација на кредитните осигурувања бидејќи се оценети како непрофитабилна и високоризична класа на осигурување.

Постои интерес за осигурување на потрошувачки кредити од страна на банките, но цената на нивното пласирање со вклучено осигурување се зголемува и на пазарот и стануват неконкурентни. Во соработка со банките, се работи на подобрување



Менаџер за прием во осигурување, г-ѓа. Весна Ѓорчева

на условите за осигурување на кредити.

Осигурување на ризикот фалсификат на странски средства за плакање и во 2008 година задржа стабилно ниво и позитивен технички резултат од 21%.

Издавањето на гарантните писма за влезна гаранција за ТИР-режим, во 2008 година продолжи со помал интензитет поради влијанието на конкуренцијата на пазарот, но и покрај тоа овој бизнис е позитивен.

### Осигурувања транспорт

Годишниот план за транспортните осигурувања (карго и одговорност на превозникот ЦМР во домашен и меѓународен транспорт) е целосно остварен.

Процентот на штети во однос на полисираната премија е под 10% и е остварен позитивен резултат од 8,65%.

Транспортните карго-осигурувања се профитабилни и очекуваме уште поголем интерес и профит за овој бизнис во 2009 година.

Полисираната премија за ЦМР-





осигурувањето на одговорност на превозникот во домашен и меѓународен транспорт, во 2008 година, споредено со 2007 година, се задржа на истото ниво. Интересот за овие осигурувања од страна на превозниците што работат меѓународен транспорт е во постојан пораст. Во 2009 година очекуваме да се зголеми побарувањето на овие осигурувања и по број на осигуреници и по полисирана премија. Полисата за ЦМР е многу важен услов за превозниците што работат во државите на ЕУ и е доказ за нивната професионалност како превозници.

## Осигурување моторни возила

Полисираната премија во 2008 година, споредено со 2007 година бележи намалување од 10%. Ова пред сè е последица од одлуката на Државната комисија за автомобилска одговорност за намалување на премијата за задолжително осигурување донесена во 2008 година.

Во оваа година имаме зголемување на настанатите штети за 8% спорено со 2007 година, кое се должи на неколку големи штети настанати врз основа на осигурување автомобилска одговорност во странство - зелена карта.

Раст од 6% во однос на минатата година е забележан кај премијата по основа на каско-осигурување.

Од друга страна, забележан е и пораст во износот на настанати штети, што се должи пред сè на неколку поголеми штети настанати под влијание на лошите временски услови во зимскиот период. Тоа доведе до зголемување техничкиот резултат за 2008 година за 20%, споредено со остварениот резултат во 2007 година.

Наша примарна цел во 2009 година е стабилизирање на резултатот на работење во овие две класи на осигурување, а потоа зајакнување на нашата позиција на пазарот.

Во 2009 година ќе бидат спроведени детаљни анализи на остварените резултати со цел преземање соодветни мерки во однос на оние осигуреници што со своите технички резултати негативно влијаат на вкупниот технички резултат на портфолиото. Дополнително ќ е се работи на воведување некои новитети во постојните производи за осигурување, со цел излегување пресрет на барањата на нашите лојални клиенти, а и придобивање нови клиенти од внимателно избраните целни групи.

# Осигурување лица

## Осигурување од незгода

Износот на полисираната премија по овој вид на осигурување за 2008 година изнесува 151.7 милион денари, што претставува намалување од 2,3% во однос на полисираната премија за 2007 година.

Портфолиото на осигурување од незгода во 2008 година го задржа својот обем иако со благо намалување. Имено, пазарот за овој вид осигурување и понатаму се сегментира како резултат на борбата меѓу осигурителните компании за нудење на сè поповолни услови на клиентите, претежно со зголемување на осигурените суми за ист обем премија.

Во текот на 2008 година, продолжија редовните активности за оцена и преземање на ризикот на ниво на клиент со цел да се одржи стабилноста и профитабилноста на портфељот. Некои стимулативни мерки и активности беа превземени во однос оние клиенти со кои оствaруваме долгорочна успешна соработка.

Износот на ликвидирани штети од осигурување од незгода за 2008 година изнесува 93 милиони денари. Во однос на ликвидираните штети во 2007 година, тој износ претставува намалување за 6%.

Трендот на подобрување на профитабилноста на портфељот







продолжи и во 2008 година, и тоа може да се забележи по процентуалното опаѓање на износот на ликвидираните штети, кое е поголемо во однос на опаѓањето на полисираната премија. Таквиот тренд е резултат на претходно преземените мерки за оценка и управување со ризикот, како и на адекватното одредување на премиите за осигурување за различните групи клиенти.

Во 2009 година не очекуваме позначителни промени на пазарот по овој вид на осигурување. За задржување на постојните и за привлекување нови сегменти од пазарот на осигурување од незгода, планираме воведување на нови, проширени опции на производите за осигурување од незгода кои ќе бидат приспособени кон потребите на пазарот.

### Патничко осигурување

Во 2008 година по основа на патничко осигурување е полисирана премија во износ од 34 милиони денари. Во однос на минатата 2007 година, премијата е намалена за 2,9% но со истовремено намалување на бројот на продадени полиси за 8,4%, што значи дека просечната премија по полиса е зголемена. На тоа влијае и престанокот на продажба преку шалтерите на Стопанска банка на патнички полиси со покритие само за Република Грција, кои се со мал износ на премија по полиса.

Во 2008 година износот на ликвидирани штети изнесуваше 4 милиони денари што претставува намалување за 24% од износот на штети ликвидирани во 2007 година.

За 2009 година се очекува понатамошен тренд на намалување на цените што веќе се случува на пазарот за овој вид осигурување, како и зголемување на провизијата на различните дистрибутивни канали за продажба на патнички полиси.

### Осигурување живот

Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје и во 2008 година продолжи да ги сервисира постојните договори за осигурување живот.

Во 2008 година намалувањето на полисираната премија за осигурување живот беше позначително поради тоа што не се склучуваат нови договори, а се поголем број од постојните договори истекуваат или се откупуваат од страна на клиентите.

Полисираната премија за 2008 година изнесува 32.8 милиона денари што претставува намалување за 37,6% споредено со 2007 година.

Во текот на 2008 продолжи работата на секцијата за сервисирање на постојните договори за осигурување живот која ги извршува сите активности во врска со полисите: распределба на премијата, испрак ање на разни писма и известија до клиентите, како и следење на состојбата на портфељот.

Износот на ликвидирани штети по осигурувањето живот во 2008 година изнесува 95.2 милиони денари што претставува намалување за 27,5% од износот на штети ликвидирани во 2007 година.



За 2009 година се о екува продолжување на трендот на намалување на портфељот на осигурување живот, затоа што доспеваат голем број од постојните договори, но исто така и се врши откуп на преостанатите капитализирани полиси за осигурување живот.



# Штети

## Нашиот тим за штети има големо знаење и искуство во обработка на сите класи штети со децении.



Менаџер за штети,
г. Зоран Тодоровски

Располагаме со вистинската техничка експертиза и специјалност при решавање на соодветна штета. Доследно ја следиме стратегијата за проактивно управување со штети, почнувајќи од самото заведување, па се до затворање на предметот. Знаејќи дека постои директна корелација меѓу времетраењето на штетата и крајниот трошок, нашите ликвидатори на штети се фокусирани на минимизирање на животниот циклус на секоја штета.

Во текот на 2008 година, заедно со почетно резервираните и тековно пријавените од вкупно 16.402 штети, беа ликвидирани 14.411, односно 88%, за разлика од 2007 година, кога од вкупно пријавените 18.775 беа ликвидирани 16.195, односно 86%.

Намалувањето се должи на намалениот број осигурувања, при истовремено зголемување на ефикасноста на ликвидирањето.

Што се однесува до структурата на ликвидираните штети според нивниот број по класи на бизнис, најмногу штети има по имоти и автоодговорност, заедно со зелена карта со по 30%, а потоа следат штетите по незгода со 18%, каско 13% и живот со 9%. Споредено со 2007, има пораст на учеството на бројот на ликвидираните штети во структурата само во имоти, додека во сите останати класи има опаѓање.

### Структура на ликвидирани штети во 2008 според нивниот број



| | |
|---|---|
| Имоти | 30% |
| Каско | 13% |
| А/О ЗК ГР | 30% |
| Незгода | 18% |
| Живот | 9% |

Набљудувајќи ја структурата од аспект на ликвидираниот износ, најмногу штети има по автоодговорност заедно со зелена карта со 47%, потоа следат имоти со 17%, незгода, живот и каско со по 12%. Покрај намалувањето на бројот на штети по автомобилска одговорност во однос на 2007 година, ликвидираниот износ покажува пораст кај АО и каско за разлика од другите класи на бизнис каде што има намалување или стагнирање на учеството.

Следејќи ги износите на просечните штети по класи на бизнис, имаме намаување на износот на просечната штета во однос на 2007 година само во имотните осигурувања, за разлика од останатите класи, каде што има покачување.

Значајно е да се напомене дека најголемите пријавени и ликвидирани штети во текот на 2008 година се ризиците разбојништво кај осигурените банки, потоа пожар и кражба на моторни возила кај други субјекти.



Интересно е да се напомене дека учеството на материјалните штети во 2008 година е 87%, а на нематеријалните 13%, за разлика од 2007 година, каде што тој однос е 83% материјални и 17% нематеријални штети.

Во однос на начинот на нивното решавање, судско или вонсудско, продолжува трендот на вонсудското

## Структура на ликвидирани штети во 2008 според износот



| | |
|---|---|
| Имоти | 17% |
| Каско | 12% |
| А/О ЗК ГР | 47% |
| Незгода | 12% |
| Живот | 12% |

решавање со цел намалување на судските трошоци, како заштита од претераните барања од страна на клиентите. За споредба, во 2008 година вонсудски се решени 76% од штетите, наспроти од 61% во 2007 година.

Во судските предмети по основа на штети има драстично намалување, особено кај автоодговорност.

Наплатата по основа на регреси во 2008, во однос на 2007 година, бележи зголемување од 26,39%.

Меѓу тоа што ја одбележа 2008 година е сменетиот начин на наплата по регресни побарувања. Имено наплатата по регресни побарувања по основа на неосигурани возила ја презеде Националното биро за осигурување, со тоа што претходно истите ги има исплатено преку Гарантниот фонд. Сите штети што се опфатени се со датум почнувајќи од 25. 10. 2005 година. Од страна на службата за регресни побарувања по извршената наплата од Гарантниот фонд, предметите што се наплатени се отстапуваат на Националното биро.

Обновени се сите договори за цензурирање, а цензурирањето на предметите од колективна незгода се врши во просториите на КЈУБИ МАКЕДОНИЈА.

За 2009 година планираме понатамошно усогласување на процесот и известување на клиентите согласно со Законот за задолжителното осигурување во сообраќајот и пријавување на штета од осигурување автомобилска одговорност.

На тој начин очекуваме позитивна реакција во смисла на елиминација на неосновани барања поставени од оштетените лица, што во практика веке покажува позитивна тенденција

# Човечки ресурси



Менаџер за човечки ресурси,
Г-ѓица Весна Богдановска

Секторот за човечки ресурси, иако за прв пат во 2008 година издвоен како посебен организационен дел, продолжи успешно да се справува со предизвиците кои ги имаше Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА АД Скопје во текот на годината и да ги исполнува поставените долгорочни стратегиски цели на Друштвото.

Во текот на 2008 година Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА АД Скопје функционираше во тешко пазарно опкружување: континуирано намалување на цената на осигурување, потоа намалување на цената на осигурувањето за автоодговорност, како и појава на глобалната рецесија во светската економија. Сите овие фактори го отежнуваа економичното работење на компанијата, што ја наметна потребата од намалување на трошоците на работењето на Друштвото во целина.

Еден од начините за постигнување на оваа цел беше и намалувањето на бројот на работници во Друштвото. Одржување на мотивираноста на работниците, грижата да не се нарушат процесите на работење во Друштвото, како и зачувувањето на клучните кадри во редовите на Друштвото, беа основните предизвици што оваа задача ги постави пред Секторот за човечки ресурси.

Спроведените анализи на работењето укажаа на потреба од ревидирање на постапката за следење на подостварувањата кај агентите за осигурување, што значеше изработка на нов Правилник за дисциплинска постапка.

Беа спроведени и повеќе постапки за престанок на работниот однос на дел од работниците поради деловни причини. Како резултат на овие активности на Секторот, бројот на работници во 2008 година се намали за 31 работник.

Со донесувањето на Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување и измени и дополнувања на повеќе постојни закони, беше воведен концептот на бруто-плата во Р. Македонија. Обврската да се примени овој концепт на ниво на Компанијата, беше многу значаен проект за Секторот за човечки ресурси во 2008 година. Заради усогласување со позитивните законски прописи, изработен е нов Правилник за плати, дополнителни примања и други надоместоци од работен однос и усогласен е Правилникот за организација и систематизација на работните места. Во соработка со Секторот за ИТ беше изработена нова апликација за пресметка на плати, усогласена со апликацијата на УЈП за Месечна пресметка за интегрирана наплата. Проектот заврши успешно во 2009 г. со исплата на платата за јануари, пред законски утврдените рокови.



# Информатичка технологија



Менаџер за ИТ,
г-ѓа Кевсер Лаличик

Основна функција на ИТ-секторот во КЈУБИ МАКЕДОНИЈА е поддршка на бизнисот за поефикасно и поуспешно работење. Насочена е во повеќе правци покривајќи го апликативниот и системскиот софтвер, базата на податоци, хардвер, електронска пошта и мрежи, примена на ИТ-политиката за безбедност и лиценцната политика според стандардите на QBE групацијата, примена на политиката на управување и следење на ИТ-проектите и ресурсите преку функционирањето на УОСИТ и секако усогласување на ИТ-работењето со локалната законска регулатива.

Во 2008 година го завршивме БАМ -проектот со кој се овозможи:

24x7 достапност на апликациите и ИТ сервисите од различни географски области, користејќи само интернет,

нови потенцијални фукционалности за бизнисот (портал, база на решенија, информации),

овозможување на корисниците надвор од Скопје со нови лимитирани фукционалности (реализирање локално на дел од дневните активности на службата за поддршка на продажбата, подобра услуга за нашите клиенти надвор од Скопје - дел за пријава и процена на штети),

обезбедување ИТ-поддршка за деловните партнери (брокери, надворешни агенти),

можности за експанзија во регионот со користење на постојната инфраструктура, човечки ресурси и софтверски решенија.

Други поважни проекти на кои ИТ работеше во текот на 2008 година се: архива на штети, проект НБО-централен регистар на полиси, законски измени во апликации за човечки ресурси, плати, годишна даночна пријава, инсталација на тиволи-агенти, дополнување на апликација за штети, преработка на кодна анализа, воведување и евидентирање на траен налог како инструмент за плаќање, подготовки за имплементирање на е-банкинг и уште многу други проекти.

# Остварен финансиски резултат

Акционерското друштво за осигурување и реосигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА-Скопје, Годишната сметка за периодот јануари-декември 2008 година ја подготви врз основа на  законските прописи што се применуваат во Р. Македонија согласно со Законот за супервизијата на осигурувањето и Законот за трговските друштва и применливи меѓународни стандарди за сметководствено известување.

Според член 117 до 120 од Законот за супервизијата на осигурувањето, Друштвото за осигурување е должно да ги води трговските книги и да подготвува финансиски извештаи врз основа на вистинити податоци, согласно со применети сметководствени политики.

Остварени се приходи врз основа на услуги од полисирана премија за кои не постои неизвесност за наплата и кои се признати до степенот на завршеност на денот на билансот кои се посебно евидентирани во живот и неживот.

Кај осигурување неживот во периодот јануари-декември 2008 година издадени се полиси за осигурително покритие на имотот на осигурениците во износ од 1,159 милион денари, што споредено со полисирана премија во 2007 година бележи опаѓање за 10,82 %.

Полисираната премија во осигурување неживот коригирана е со преносна премија од 2007 како приходна ставка и од преносна премија за 2008 година како расходна ставка.

Приходот од премија по осигурување, приходите од вложувања, приходите од други работи во осигурување, приходите од провизии за реосигурување и приходи од намалување на резервирањата го чинат вкупниот приход на Акционерското друштво во износ од 1,895 милион денари, кој споредено со 2007 година бележи опаѓање од 2,1%.

Вкупните расходи регистрирани во пресметковниот период во износ од 1,848 милиони денари, споредено со вкупните расходи во 2007 година, бележат опаѓање за 0,92%. Како расходни ставки кај имотните осигурувања се надоместоците за штетни настани во износ од 722 милиона денари, премии за реосигурување во износ од 71 милион денари, резервирањата на пријавени а неликвидирани штети и за настанати а непријавени штети



Менаџер за финансии,
г-ѓа Маргарета Гошева

191 милион денари, расходите за спроведување на осигурувањето во износ од 413 милиони денари и трошоци од вложувања и останати расходи 451 милион денари.

По надоместување на вкупните расходи од вкупните приходи во 2008 година, остварена е добивка пред оданочување во висина од 47 милиони денари. Пресметаниот данок на добивката за 2008 година изнесува 14 милиони денари, по кој остварената добивка после оданочување изнесува 33 милиони денари.

Кај осигурувањата живот во периодот јануари - декември 2008 година полисирана е премија во вкупен износ од 33 милиони денари, која зголемна со приходите од намалување на резервирањата, приходите од намалување на Математичката резерва, приходите од вложувања и останатите приходи,  го дава вкупниот приход во износ од 114 милиони денари кој во однос на 2007 година, бележи намалување за 19,56%.

Вкупните расходи во 2008 година, во однос на расходите за 2007 година, бележат намалување за 7,58%. Вкупните расходи ги сочинуваат надоместоците за штети  во износ од 95 милиони денари, резервирањата за штети во износ од  4 милиони денари, трошоците за спроведување на осигурување 7 милиони денари и останати трошоци 30 милиони денари.

Акционерското друштво во осигурување живот, по надоместување на вкупните расходи со вкупните приходи за 2008 година, има остварено загуба во износ од  22 милиона  денари.

Деловната 2008 година Осигурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА на ниво на неживотни осигурувања и осигурување живот ја заврши со добивка пред оданочување во вкупен износ од 25 милиони денари, односно нето-добивка во износ од 10 милиони денари.

# QBE Македонија - Скопје

## Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008

| СОДРЖИНА | СТРАНА |
|---|---|


Независно ревизорско мислење... 30-31

**Биланс на успех**

Технички резултат - Неживотно осигурување ....................................32

Технички резултат - Животно осигурување ....................................33

Нетехнички резултат.........................34

**Биланс на состојба**

Неживотно и животно осигурување...35

Животно осигурување ......................36

Промени во капиталот......................37

Извештај за паричен тек ..................38

Забелешки кон финансиските извештаи ....................................39-57

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525
www.pwc.com/mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

***До Собранието на Акционерите и Одбор на Директори на***

***QBE Македонија А.Д. - Скопје***

***Извештај за финансиските извештаи***

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на QBE Македонија А.Д. - Скопје, кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2008 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.





***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на QBE Македонија А.Д. - Скопје заклучно со 31 декември 2008 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија.

Управител
Љубе Ѓорѓиевски

Овластен ревизор
Љубе Ѓорѓиевски

Скопје
07 април 2009

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# БИЛАНС НА УСПЕХ
## Технички резултат - Неживотно осигурување

| | | За годината која завршува на 31 декември | |
|---|---|---|---|
| | Белешки | 2008 | 2007 |
| **Доспеана премија намалена за реосигурување** | | | |
| Бруто запишана премија | 4 | 1,155,216 | 1,292,734 |
| Повраток на премија | | | |
| Преотстапени премии во реосигурување | 5 | (70,797) | (104,491) |
| **Нето запишана премија** | | 1,084,419 | 1,188,243 |
| Движење во преносна премија | | 38,788 | (11,314) |
| **Нето премија намалена за реосигување** | | 1,123,207 | 1,176,929 |
| Останати технички приходи | 4 | | |
| **Вкупно останати технички приходи** | | | |
| **Штети намалени за реосигурување и Национално Биро** | | | |
| Бруто штети | | (739,822) | (714,186) |
| Штети надоместени со реосигурување | | 10,051 | 50,420 |
| Национално Биро | | 60,565 | 60,161 |
| **Нето штети** | 6 | (669,206) | (603,605) |
| **Движење во резервацијата за штети** | | | |
| Бруто резервација | 7 | (196,747) | (124,099) |
| Намалување на резервација | | 203,630 | 214,010 |
| **Нето резервација за штети** | | 6,883 | 89,911 |
| **Штети намалени за реосигурување** | | (662,323) | (513,694) |
| Долгорочни резервирања | 8 | 36,742 | (112,324) |
| Приходи од работење | 9 | 126,441 | 140,816 |
| Расходи од работење | 10 | (515,371) | (527,219) |
| **Резултат од основна дејност** | | 108,696 | 164,508 |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;





(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# БИЛАНС НА УСПЕХ
## Технички резултат - Животно осигурување

За годината која завршува на 31 декември

| | Белешки | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Доспеана премија намалена за реосигураување** | | | |
| Бруто запишана премија | | 32,849 | 52,627 |
| **Нето премија намалена за реосигурување** | | 32,849 | 52,627 |
| Приходи од вложувања | | 15,531 | 9,049 |
| **Штети намалени за реосигурување** | | | |
| Бруто штети | | (95,247) | (131,306) |
| **Нето штети** | | (95,247) | (131,306) |
| **Движење во резервација на штети** | | | |
| Математичка резерва | | 58,629 | 71,124 |
| Останати резервации | | 2,204 | 739 |
| **Штети намалени за реосигурување** | | (34,414) | (59,443) |
| Расходи од работење | 10 | (36,538) | (10,891) |
| **Резултат од основна дејност** | | (22,572) | (8,658) |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;

(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# БИЛАНС НА УСПЕХ
## Нетехнички резултат

**За годината која завршува на 31 декември**

| | Белешки | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Резултат од основна дејност - неживотни осигурувања | | 108,696 | 164,508 |
| Резултат од основна дејност - животни осигурувања | | (22,572) | (8,658) |
| Приходи од вложувања | 11 | 76,942 | 127,632 |
| Расходи од вложувања | 11 | (51,913) | - |
| Останати приходи | 12 | 105,509 | 28,219 |
| Останати расходи | 13 | (191,969) | (249,483) |
| **Добивка пред даноци и придонеси од добивка** | | **24,693** | **62,218** |
| Даноци и придонеси од добивка | 14 | (14,195) | (13,219) |
| **Нето добивка** | | **10,498** | **48,999** |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;





(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## Неживотно и животно осигурување

**За годината која завршува на 31 декември**

| | Белешки | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 15 | 67,129 | 125,523 |
| Вложувања во недвижности | 16 | 730,370 | 854,688 |
| Материјални вложувања | 17 | 262,486 | 289,161 |
| Нематеријални вложувања | | 13,668 | 13,325 |
| Кредити | 18 | 347,179 | 199,250 |
| Осигурување на живот | | 226,571 | 289,310 |
| Побарувања по основ на премии | 19 | 546,701 | 662,322 |
| Побарувања по основ на поврат на штети | 20 | 298,879 | 266,967 |
| Побарувања по основ на аванси | | 19,949 | 19,949 |
| АВР | 21 | 210,685 | 305,688 |
| Хартии од вредност | 22 | - | - |
| Парични средства | 23 | 168,751 | 99,236 |
| **Вкупна актива** | | **2,892,368** | **3,125,419** |
| **ПАСИВА** | | | |
| **Капитал и резерви:** | | | |
| Акционерски капитал | | 1,087,146 | 1,087,146 |
| Резерви | | 59,524 | 68,184 |
| Ревалоризациона резерва | | 240,135 | 240,135 |
| Задржана загуба | | (52,291) | (71,446) |
| **Вкупно капитал** | | **1,334,514** | **1,324,019** |
| **Обврски:** | | | |
| Обврски и математичка резерва од животно осигурување | | 199,454 | 258,082 |
| ПВР | 24 | 49,234 | 75,936 |
| Технички резервации | 25 | 716,773 | 781,831 |
| Обврски спрема добавувачи | 26 | 536,579 | 581,784 |
| Обврски спрема реосигурувачи | | 40,544 | 69,913 |
| Обврски по штети | | 11,322 | 8,559 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 3,948 | 25,295 |
| **Вкупна пасива** | | **2,892,368** | **3,125,419** |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;

(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
# Животни осигурувања

**За годината која завршува на 31 декември**

| | Белешки | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| Побарувања по основ на аванси | | 9,015 | 27,413 |
| Хартии од вредност | 22 | | - |
| Депозити | | 212,000 | 248,184 |
| АВР | | 2,432 | 365 |
| Парични средства | 23 | 3,124 | 13,347 |
| Вложувања од животни во останати осигурувања | | 69,210 | 91,533 |
| **Вкупна актива** | | 295,781 | 380,842 |
| **ПАСИВА** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | | 55,306 | 55,306 |
| Резерви | | 59,525 | 68,184 |
| Задржана добивка | | (22,572) | (8,660) |
| **Вкупно капитал** | | 92,259 | 114,830 |
| Математичка резерва | | 199,454 | 258,082 |
| Останати технички резерви | 25 | 2,546 | 4,750 |
| Обврски за аванси | | 1,372 | 2,970 |
| Обврски по штети | | 90 | 2 |
| Останати краткорочни обврски | | 60 | 208 |
| **Вкупна пасива** | | 295,781 | 380,842 |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;





(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

# ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ

| | Акционерски капитал | Резерви на сигурност | Ревалори-зациона резерва | Задржана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **1 Јануари 2007** | **1,087,146** | **84,642** | **240,135** | **(136,904)** | **1,275,019** |
| Зголемувања | | | | | |
| Трансфер на дел од добивката во резерви на сигурност | - | (16,458) | - | 16,458 | - |
| Усогласување на трошоците за неисплатени бруто плати од претходни години | - | - | - | 1 | 1 |
| **Добивка во 2007** | - | - | - | 48,999 | **48,999** |
| Дивиденди ПИОМ | | | | | |
| **31 Декември 2007** | 1,087,146 | 68,184 | 240,135 | (71,446) | 1,324,019 |
| **1 Јануари 2008** | 1,087,146 | 68,184 | 240,135 | (71,446) | 1,324,019 |
| **Зголемувања** | | | | | |
| Трансфер на дел од добивката во резерви на сигурност | - | (8,660) | - | 8,660 | - |
| Усогласување на трошоците за неисплатени бруто плати од претходни години | - | - | - | | |
| **Добивка во 2008** | - | - | - | 10,495 | **10,495** |
| **31 Декември 2008** | 1,087,146 | 59,524 | 240,135 | (52,291) | 1,334,514 |

Акционерски капитал претставува номиниран капитал на Друштвото кој се формира со издавање на хартии од вредност на акционерите. Овој капитал се употребува за покривање на загубата после искористувањето на Резервите.

Резервите на Друштвото претставуваат неноминиран капитал кој се зголемува со распределба од нето добивката. Резервите се употребуваат за покривање на загубата и не се распределуваат на основачите освен при ликвидацијата на Друштвото.

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

**За годината која завршува на 31 декември**

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Парични текови од основната дејност** | | |
| Наплатени премии | 1,386,080 | 1,361,498 |
| Преотстапени премии во реосигурување | (96,550) | (85,249) |
| Наплатени провизии од реосигурување | 2,679 | 2,924 |
| Платени провизии на брокери | (31,682) | (31,583) |
| Исплатени штети на осигуреници | (840,678) | (843,902) |
| Исплатени плати на вработени | (262,143 | (297,289) |
| Платено на добавувачи | (122,709) | (152,571) |
| Наплатени останати побарувања и закупнини | 78,342 | 107,472 |
| Платени банкарски провизии | (2,757) | (3,663) |
| Платени даноци | (82,397) | (83,865) |
| **Нето парични текови од основната дејност** | 28,185 | (26,228) |
| **Парични текови од вложувања** | | |
| Примени дивиденди | 1,929 | 3,088 |
| Примени камати | 29,042 | 16,548 |
| Зголемување на материјални вложувања | (17,760) | (20,791) |
| Намалување на материјални вложувања | 123,158 | 35,579 |
| Зголемување на депозитите | (107,133) | 210,629 |
| Намалување на хартии од вредност | 1,871 | (192,621) |
| Намалување на дадени кредити | - | 3,515 |
| **Нето парични текови од вложувања** | 31,107 | 55,947 |
| **Парични текови од финансирање** | | |
| Намалување на обврски по кредити | - | - |
| Платени дивиденди | - | - |
| **Нето парични текови од финансирање** | - | - |
| **Нето намалување на паричните средства и парични еквиваленти** | **59,292** | **29,719** |
| Парични средства и парични еквиваленти на почетокот на годината (забелешка 27) | 112,583 | 82,864 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на крајот на годината (забелешка 27)** | 171,875 | 112,583 |

Забелешките на страна 39 до 57 се составен дел од финансискиот извештај;





## 1. Општи информации

QBE МАКЕДОНИЈА - Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото„) претставува акционерско друштво кое своите активности ги обавува во Република Македонија. Активностите на QBE Македонија - Скопје вклучуваат:

- осигурување на живот,
- осигурување од незгода,
- патничко осигурување,
- осигурување на моторни возила,
- осигурување на домаќинство,
- осигурување на имот,
- осигурување на земјоделство,
- осигурување на стока во транспорт,
- речно и авио каско осигурување
- осигурување на кредити.

Матичната компанија на QBE Македонија е QBE Reinsurance (Europe) Limited, друштво со ограничена одговорност, и е регистрирано со седиште во Ирска.

Во согласност со новите законски регулативи, како и со Статутот на друштвото,во септември 2004 Управниот Одбор на друштвото донесе Одлука според која друштвото повеке нема да склучува договори за осигурување на живот.

Друштвото ќе продолжи да ги опслужува преостанатите делови од претходно потпишаните договори за осигурување на живот.

Друштвото ја врши својата дејност преку Генерална дирекција и 19 експозитури во земјата. Друштвото своите активности со состојба на ден 31 декември 2008 година ги извршува со 214 вработени во администрација и 183 вработени во продажба.

Согласно новиот Закон за супервизија на осигуравањето којашто стапи на сила

Адресата на седиштето е следната:

бул. 11 Октомври бр. 25
1000 - Скопје
Република Македонија

## 2. Деловно окружување на Друштвото

Во првата половина на 2008 година, економијата забележа значаен економски раст и стабилност со значајно зголемување на домашната побарувачка и зголемени инвестиции.

Позитивните трендови добија спротивен правец како резултат на намалувањето на економскиот растеж на светската економија, а посебно на земјите од ЕУ, кои претставуваат стратешки пазари за извоз на македонските друштва за намалување на побарувачката за извоз, намалувања на цените на извозот и релативно пониските трансфери од странство. Ова го зголеми надворешно трговскиот дефицит на над 2 милијарди ЕУР и направи значителен притисок на тековната сметка.

За осигурителните друштва 2008 година на предизвици со промени во сопственишката структура и законски усогласувања и со најави за влегување на нови домашни и странски осигурителни компании.

Растот на БДП во Макеоднија во 2008 година влијаеше на порастот на бруто осигурителната премија. Напротив, истата се намали за повеке од 5 % во однос на 2007 година.

Во 2008 беше забележан тренд на намалување на премиските стапки, кој беше и очекуван заради големиот број на осигурителни компании на ваков исклучително мал пазар со ниско ниво на осигурителна едуцираност во сите сегменти. Осигурителните компании беа посебно погодени од драстичното намалување на премиските стапки за задолжително осигурување од автомобилска одговорност во висина од 30% на техничката премија што на бруто премијата изнесуваше 21% со примена од од средината на месец септември.

Дополнителен проблем за профитабилноста на оваа група на осигурување беше и Одлуката на Уставниот суд за укинување на критериумите за исплата на надоместоците по основ на нематеријалните штети со што повторно се отвори вратата за зголемено обештетување на повредените лица преку судски спори бидејќи нема рамки во кои треба истите да се движат.

Втора голема промена која ја означи 2008 година во осигурителниот пазар беше обврската за усогласување за изменетиот закон за супервизија на осигурувањето и и тоа во повек е сегменти. Главната обврска за осигурителните компании беше покачениот износ на минималниот уплатен акционерски капитал од

дотогашното ниво во висина од 750.000 евра на минимум 3 милиони евра, како за животно, така и за неживотно осигурување. Кјуби Македонија има делеку повисок акционерски капитал од минимум потребниот и тој е во висина од 17.6 милиони евра и целиот е поткрепен со дозволени вложувања со што беше единствена компанија кој го задоволуваше овој законски услов далеку пред последниот рок за негово исполнување-31.12.2008.

Сето горе наведено укажува на состојба на идно намалување на бруто полисираната премија посебно во осигурување од автомобилска одговорност кое ќе доведе до намалена ликвидност на одредени компании и натамошно намалување на премиските стапки по другите групи на осигурување со цел да се покријат загубите кои ќе дојдат кај задолжителното осигурување. Во недостаток на сеопфатна и константна регулација на пазарот од законскиот супервизор, ова може да доведе покрај моментната неликвидност на одредени помали компании и до нивна несолвентност со што на удар ќе бидат и другите компании и до нивна несолвентност со што на удар ќе бидат и другите компании заради нивното учество во исплатат на штетите од неосигурени возила преку Гарантниот фонд на националното биро пропорционално на сопственото учество во бруто премијата на секоја компанија по овој вид на задолжително осигурување. Заради ова доминатниот сопственик на Кјуби - QBE Reinsurance (Europe) Ltd. донесе одлука за стратешко намалување на својата изложеност во Гарантниот фонд преку заостренi критериуми за прием во осигуруавње од автомобилска одговорност. Ова влијаеше да го намалиме бројот на продадени полиси по овој вид на осигурување во последниот квартал од 2008 година што заедно со намалена цена доведе до намалување на бруто премијата.

Заради горнаведеното, како и век е јасното појавување на светската економска криза во Македонија, осигурителниот пазар во 2009 година, се очекува да биде сопомала бруто полисирана премија, особено со зголемување на конкуренцијата преку воведување на многу ниски цени за да добие дел од пазарот.

Имајќи ги предвид секојдневните промени во светските економски и финансиски текови и незизвесностите поврзани со нив, раководството на Друштвото не е во можност да ги предвиди сите случувања кои ќ е имаат влијание на осигурителниот сектор и на поширокота економиај и последователно какви ефекти, доколку се појават, би иамле истите на идната финансиска позиција на Друштвото.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составување на финансиските извештаи за годината завршена на 31 Декември 2008 година се следните:

### 3.1. Основа за составување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на QBE МАКЕДОНИЈА - Скопје се изготвени во согласност со Законот за Трговски друштва (Службен весник на РМ бр: 28/2004),Законот за супервизија на осигурувањето (Службен весник на РМ бр: 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004 и 79/2008) и Правилникот за водење на сметководство (Службен весник на РМ бр: 94/2004 и 11/2005 и Службен весник на РМ бр: 40/1997 и 73/1999). Финансиските извештаи се подготвени во согласност со концептот на историска вредност освен за ревалоризацијата на материјалните вложувања.

### 3.2. Резултат од основната дејност

ТРезултатот од основната дејност е утврден на база на период од една календарска година. Запишаните премии се искажуваат како приход во годината во која доспеваат. Делот од приходот од запишаните премии кој доспева во наредната година е разграничен во следните пресметковни периоди како преносна премија.

Штетите ги вклучуваат трошоците за надомест на осигурениците кои настанале во пресметковниот период, трошоци за извид и процена на штети направени од надворешни проценители, но не ги вклучуваат трошоците за увид и процена на настанатите штети направени од страна на проценителите вработени во Друштвото.

### 3.3. Технички резервации

Преносната премија е пресметана на база на про рата темпорис (про рата темпорис) за календарска година од 360 дена.

Резервацијата за штети ги вклучува проценетите трошоци за настанати пријавени, а не ликвидирани штети во пресметковниот период, како и за настанатите, а непријавени штети по





## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

основ на автоодговорност и незгода и останати имотни осигурувања. Резервацијата за настанати, а непријавени штети се утврдува на база на искуството во настанување на овие штети и тоа како 10% од резервацијата за настанати и пријавени штети од автоодговорност и 15% од нето техничката премија за незгода и 4% од техничката премија за останати осигурувања.

### 3.4. Приходи од вложувања

Приходите од вложување по основ на камата од пласирани средства и дивиденда од вложувања во хартии од вредност се прикажани како пресметани приходи во согласност со македонските прописи или според договорот склучен помеѓу доверителот и должникот. Каматата се припишува на главниот долг како така е предвидено во договорот.

### 3.5. Вложувања во хартии од вредност

Вложувањата во хартии од вредност се почетно признаени по набавна вредност, вклучувајќи го и трошокот за пренос. Вложувањата во хартии од вредност се подложни на повторна проценка за да се дојде до нивната фер вредност на пазарот. Нереализираните добивки и загуби кои се појавуваат како резултат на промените на фер вредноста на хартиите од вредност се наведени (прифатени) како добивки и загуби во билансот на успех. Вложувањата во хартии од вредност за кои фер вредноста не може да биде веродостојно измерена се прикажани по набавна вредност намалени за исправката на вредноста на акциите. Сите регуларни купувања на хартии од вредност се прифатени според датумот кога е извршена трансакција, кој всушност претставува датумот кога Друштвото се одлучило да го купи средството.

### 3.6. Вложувања во недвижнини

Вложувањата во недвижнини се дефинирани како недвижнини кои се задржани од страна на Друштвото заради приход од закупнина.

Вложувањата во недвижнини се претходно признаени по вредност на стекнување и последователно се водат по набавна цена намалена за амортизацијата.

### 3.7. Девизни средства

Средствата и изворите искажани во странски валути се сведени во денари по курс важечки на крајот на пресметковниот период. Салдата деноминирани во странска валута на датумот на билансот на состојба, се прикажани според курсот кој што важел на датумот на билансот на состојба. Позитивните и негативните курсни разлики настанати по овој основ се вклучени во билансот на приходи и расходи.

Девизни курсеви:

| | 31 декември 2008 | 31 декември 2007 |
|---|---|---|
| | МКД | МКД |
| УСД | 43.56 | 41.66 |
| ЕУР | 61.41 | 61.20 |
| АУД | 30.05 | 36.57 |
| ГБП | 63.04 | 83.29 |

### 3.8. Приходи од надоместоци и провизии

Надоместоците и провизиите ги опфаќаат провизиите примени по основ на пасивно реосигурување како и по основ на проценети и исплатени услужни штети.

### 3.9. Кредити

Кредитите се прикажани во билансот на состојба во износ на неотпишаната главница и камата намалени за направената исправка по основ на сомнителни и спорни побарувања. Исправката на побарувањата се проценува од страна на менаџментот кога постои очигледен доказ дека Друштвото нема да биде во состојба да ги наплати сите износи согласно претходно утврдените услови.

### 3.10. Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања по премии

Исправката на вредноста на побарувањата по основ на премии и камата на премии е направена на основ на проценката на наплатливоста на овие побарувања од страна на менаџментот на Друштвото. Исправката на побарувањата се проценува од страна на менаџментот кога постои очигледен доказ дека Друштвото нема да биде во состојба да ги наплати сите износи согласно претходно утврдените услови.

### 3.11. Материјални вложувања

Материјалните вложувања се евидентирани по нивната набавна или ревалоризирана вредност намалена за акумулираната амортизација. Материјалните вложувања до 2004 година се ревалоризираат

## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

на крајот на годината со примена на коефициентите на пораст на цените на индустриски производи на набавната или ревалоризираната вредност како и на исправката на вредноста, како би се добила приближна вредност за замена на основната вредност. Ефектот од ревалоризацијата се внесува во ревалоризационата резерва.

Материјалните трошоци и трошоците за одржување се третираат како трошоци од редовното работење на Друштвото.

Инвестициите во тек се евидентираат по нивниот трошок за изградба вклучувајќи ги и трошоците кон трети лица. Не се пресметува амортизација за време на изградбата. На крајот од процесот, сите акумулирани трошоци се пренесуваат на релевантните материјални средства и опрема и се предмет на соодветната стапка на амортизација.

Отписот на средствата и опремата претставува трошок или технолошко застарување или некој друг вид на елиминација на средствата и опремата, кои се евидентираат во билансот на успех.

Амортизацијата на материјалните вложувања се пресметува по пропорционалната метода со примена на утврдени стапки со помош на кои набавната или ревалоризираната вредност на градежните објекти и опремата треба да се отпишат во текот на нивниот проценет век на употреба.

Применетите годишни стапки на амортизација се следните:

| | | % |
|---|---|---|
| Градежни објекти | | 2.5% |
| Мебел и опрема | 10 | 20% |
| Компјутери | | 25% |
| Моторни возила | | 25% |

### 3.12. Парични средства и парични еквиваленти

За потребите на изготвувањето на извештајот за паричните текови, паричните средства и паричните еквиваленти ги вклучуваат средствата чии што рок на доспеаност е пократок од 90 дена како што се: парични средства и меници.

### 3.13. Бенифиции на вработените

Друштвото, во текот на своето секојдневно работење, врши исплати во корист на своите вработени за пензиско и здравствено осигурување, вработување и персонален данок кои што се пресметуваат на основа на бруто платите, трошоци за хранарина и трошоци за превоз на вработените во согласност со законските прописи. Друштвото не работи со пензиски шеми и консеквентно нема обврски во однос на пензиите. Друштвото не е обврзано да обезбеди понатамошни бенефиции за сегашните и поранешни работници.

### 3.14. Данок од добивка

Данокот од добивка се пресметува во согласност со Законот за данок од добивка на Република Македонија. Данокот се пресметува по даночна стапка од 10% на добивката пред оданочување.

### 3.15. Компаративи

Онаму каде што беше неопходно, извршена е промена на компаративните податоци со цел да се прилагодат со промените во презентирањето во тековната година и следните корекции се направени:

**Биланс на успех**
**Технички резултат -неживотно осигурување**

| | 2007 пред корекции | 2007 после корекции |
|---|---|---|
| Бруто резервација | (89,645) | (124,099) |
| Расходи од работење | (561,673) | (527,219) |

### 3.16. Управување со финансиските ризици

Активностите на Друштвото подлежат на повеќе видови финансиски ризици. Пристапот на Друштвото во поглед на управувањето со ризикот е фокусиран на непредвидливоста на финансискиот пазар и тежнее да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот е во согласност со политиките одобрени од Одборот на директори.

### 3.16.1. Кредитен ризик

Кредитната изложеност на Друштвото се состои од палсмани и депозити дадени на банки, вложувања во хартии од вредност, побарувања по основ на премии и поврат на штети. Овој ризик се дефинира како потенцијална загуба во пазарната вредност како резултат на влошена финансиска сосотојба на клиентите да го отплатат долгот.





## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

Менаџментот има усвоено кредитна политика со која се дефинира кредитниот ризик. Кјуби Македонија управува со овој ризик првично преку приемот во осигуруавње со пресметка на код на анализа на клиентите и занализа на солвентноста на клиентите. Побарувањата се следат на месечна основа и се утврдува наплатливоста на истите. Во согласност со утврдената состојба се утврдува нивото на резервации на побарувавањата по основ на премија и од страна на секторот за контрола на побарувањата се врши обезбедување напалта на истите. Согласно со законот за супервизија на осигурувањето, поточно лимитите по основ на вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва, техничките резерви и капиталот, Кјуби Македонија со цел дисперзија на ризикот ги пласира средствата во депозити кај голем број банки.

Исто така се следи пазарот на хартии од вредност и согласно промените се врши вреднување на вложувањата во хартии од вредност.

**Максимална изложеност на кредитен ризик без да се земе во предвид колатералот или друго кредитно обезбедување.**

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | живот | неживот | живот | неживот |
| Вложувања во хартии од вредност | - | 67,129 | - | 125,523 |
| Пласмани и депозити дадени на банки | 212,000 | 347,179 | 248,184 | 199,250 |
| Побарувања по основ на премии | - | 546,701 | - | 662,322 |
| Побарувања по основ на поврат на штети | - | 298,879 | - | 266,967 |
| **Вкупно:** | 212,000 | 1,259,888 | 248,184 | 1,254,062 |

Претходната табела го покажува најлошото можно сценарио за изложеност на кредитен ризик на Друштвото на 31 декември 2008 и 207 година, без да се земе во предвид колатералот или друго кредитно засилување. За билансните позиции, изложеноста е изразена на нето основа како што е прикажано во билансот на состојба.

Како што е прикажано во табелата, 19% од вкупна актива се однесува на Побарувања по основ на премии (2007 21%), 19% отпакаат на Пласмани и депозити дадени на банки (2007 14%), 10% отпаѓа отпаѓа на побарувања по основ на поврат на штети (2007 9%).

Манаџментот е убеден во можноста за контрола и одржување минимална изложеност на кредитен ризик којшто произлегува по основ на побарувања од премии, поврат на штети и депозити во банки.

**Побарување по основ на поврат на штети - реосигурувачи**

Реосигурувањето се користи да се намали ризикот од осигурување. Во табелава подолу се презентирани два најголеми реосигурувачи на 31 декември 2008:

Побарувања по основ на штети по реосигурување 2008

| | |
|---|---|
| Харис и Диксон | 169.385 |
| Хеат Ламберт | 64.910 |
| Вкупно | 234.295 |

### 3.16.2. Пазарен ризик

Пазарниот ризик претставува ризик од промена на пазарните цени, како што се промена на каматните стапки, цена на капиталот, промена на девизните курсеви кој ќе влијае врз приходите на Друштвото или врз вредноста на финансиките изнструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да се контролира кредитната изложеност во прифатливи рамки, за оптимизилирање на повратот од ризик.

### 3.16.2.1. Каматен ризик

**Ризик од промени на каматните стапки - неживотно осигурување**

На 31 декември 2008 Друштвото

## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

има каматоносни депозити во износ од МКД 347.179.726 (2007: МКД 199.251.000) со рок на достасување до три месеци. Останатите позиции од билансот на состојба се некаматоносни.

Анализата на сензитивноста на каматните стапки е дефинирана врз основа на изложеноста на каматниот ризик на датумот на известување. На датумот на известување, доколку каматните стапки се поголеми/помали за 50 базични поени, а останатите променливи останат непроменети, профитот на Друштвото пред оданочување за дванаесет месечен период, заклучно со 31 декември 2008 година, ке се зголеми/намали за околу МКД 1.736.000 (2007: МКД 996.000).

**Ризик од промени на каматните стапки - животно осигурување**

На 31 декември 2008 Друштвото има каматоносни депозити во износ од МКД (2007: МКД 248.184.000 ) со рок на достасување до три месеци. Останатите позиции од билансот на состојба се некаматоносни.

Анализата на сензитивноста на каматните стапки е дефинирана врз основа на изложеноста на каматниот ризик на датумот на известување. На датумот на известување, доколку каматните стапки се поголеми/помали за 50 базични поени, а останатите променливи останат непроменети, профитот на Друштвото пред оданочување за дванаесет месечен период, заклучно со 31 декември 2008 година, ке се зголеми/намали за околу МКД 1.060.000 (2007: МКД 1.241.000).

**3.16.2.2. Девизен ризик**

**Ризик од промени во девизните курсеви - неживотно осигурување**

Функционална валута за Друштвото е македонскиот денар. Друштвото има побарувања и обврски во странски валути претежно во ЕУР. Друштвото обавува меѓународни трансакции поврзани со реосигурување, поради тоа Друштвото е изложено на ризик поврзан со флуктуациите на девизните курсеви.

На 31 декември 2008 година Друштвото има позитивна нето изложеност МКД 756.456.000 во ЕУР, и негативна нето изложеност МКД 527.173.000 во ГБП (2007:МКД 402.466.000 во ЕУРи МКД 571.661.000 во ГБП).

Сензитивната анализа на промената на девизните курсеви е спроведена при промени на курсевите на одделни валути врз основа на статистичките податоци кои покажуваат стабилност на курсот на еврото наспроти денарот.

На 31 декември 2008 доколку дојде до 0,5% зголемување/намалување на курсот на ЕУР во однос на МКД 8% зголемување/намалување на курсот на ГБП во однос на МКД, профитот пред оданочување за дванаесетмесечен период, заклучно со 31 декември 2008 година ќе биде за МКД 38.392.000 позитивен, односно негативен (2007: МКД 43.721.000).

**3.16.2.3. Ризик на цената на капиталот**

Ризик на цената на капиталот е можност дека цената н капиталот ќ е флуктуира под влијание на фер вредноста на капиталните вложувања и другите инструмнети чија вредност произлегува од одредено капитално вложување или индекс на капитална цена. Примарната изложеност на капиталната цена произлегува од капиталните вложувања кои не се за тргување. Друштвото има капитални вложувања кои не се за тргување и кои подлежат на ризик на цената на капиталот.

Друштвото го управува ризикот на цената на капиталот преку одржување на дизверзифицирано портфолио на капитални вложувања.

На 31 декември, ако цената на капиталот се зголеми/немали за 10%, а останатите променливи останат непроменети, профитот пред оданочување за дванаесетмесечен период , заклучно со 31 декември 2008 ќе се зголеми/намали за МКД 4.624.000 (2007Ч МКД 38.583.000).

**3.17. Реална вредност**

Реалната вредност претставува износ за кое некое средство може да се замени или обврска да се подмири по пазарни услови. Во услови кога не постојат пазарни цени кои би послужиле за вреднување на поголемиот дел на средствата и обврските на Друштвото, реалната вредност се базира на проценката од страна на менаџментот на Друштвото.

Реалната вредност на долгорочните финансиски вложувања се темели на пазарната вредност со исклучок на дел од хартиите од вредност кои не котираат на пазарот на хартии од вредност. Реалната вредност на овие вложувања е утврдена врз основа на расположиви финансиски извештаи.

Побарувањата по основ на премии, дадени кредити и аванси во книговодството се изразени во сегашна вредност корегирани за исправка на вредноста. Проценетата реална вредност на побарувањата по основ на премии, дадени кредити и аванси ја претставува наплатливата вредност која што е утврдена со анализа и оценка на сервисирањето





## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

на долговите како и тековната финансиска состојба и статус на должниците.

Реалната вредност по основ на премии, дадени кредити и аванси, како и вложувањата во акции и други хартии од вредност е приближна со нивната книговодствена вредноста намалена за направената исправка на вредност.

**3.18. Управување со капиталот**

Друштвото за осигурување е должно во секое време да располага со соодветен капитал во однос на обемот на работа и класите во рамки на кои врши работи на осигурување, како и ризиците на кои е изложено при вршење на тие работи.

Капиталот на друштвото за осигурување во секое време треба да биде барем еднаков на потребното ниво на маргината на солвентност.

Цели на Друштвото во поглед на управувањето со капиталот се:

Да соодветствува со барањата за капитал согласно законската регулатива на Министерството за Финансии;

Да се заштити способноста на Друштвото да обезбеди дивиденда за акционерите;

Да одржи стабилна и квалитетна капитална база која ќе го поддржи развојот на друштвото.

Друштвото е во согласност со законската регулатива ако капиталот е адекватен на маргината на солвентност.

Маргината на солвентност и користењето на сопствените средства редовно се следат од Раководството на Друштвото, при што се користат техники кои се пропишани од страна на Министерството за Финансии и истото се известува на тримесечна основа.

Сопствените средства на Друштвото се составени од основниот капитал кој вклучува: обични и приоритетни акции, резерви на сигурност, ревалоризациони резерви и задржана добивка или акумулирана загуба.

Согласно законската регулатива, акционерскиот капитал на друштвото треба најмалку да биде во висина на гарантниот фонд. Ова не се применува за осигурување живот бидејки друштвото не поседува лиценца за вршење работа при осигурување живот, па во полето на гарантниот капитал е претставен реалниот капитал за осигурување живот.

Согласно пресметките за маргина на солвентност заклучно со 31 декември 2008, минимален капитал кој треба да го поседува Осигурување КЈУБИ Македонија е следниот:

**Маргина на солвентност**

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Осигурување неживот | Осигурување живот | Осигурување неживот | Осигурување живот |
| Маргина на солвентност | 187,648 | 8,266 | 204,414 | 10,760 |
| Износ на гарантен капитал | 276,355 | 55,306 | 152,919 | 55,306 |

Маргината на солвентност на друштвото за осигурување се пресметува со примена на методот - стапка на премија или методот - стапка на штети, во зависност од тоа кој ќе даде повисок резултат.

Според методот на стапка на премија се зема вкупниот износ на бруто полисирани премии за осигурување и реосигурување во последната деловна година, се намалува за износот на сторнираните односно отпишаните износи на премија во таа деловна година, истиот се множи со дадени коефициенти

Според методот на стапка на штети вкупниот износ на бруто исплатени штети за осигурување и реосигурување во последните три деловни години, зголемен за бруто резервите за штети по основ на осигурување и реосигурување на крајот на последната деловна година од периодот, и намален за бруто резервите за штети по основ на осигурување и реосигурување на почетокот на тој период, се дели на три и се множи со дадени коефициенти

## 3. Основни сметководствени политики (продолжение)

**Пресметка на маргина на солвентност - неживот**

| Метод стапка на премија | МКД |
|---|---|
| 1. Бруто полисирана премија за 01.01.2008-31.12.2008 за осигурување и реосигурување | 1,133,780 |
| 2. Сторнирани (отпишани) износи на премија во 01.01.2008-31.12.2008 год | (37,744) |
| 3. (1 - 2) | 1,096,036 |
| 4. до 10,000,000 ЕУР се множи со 18% | 110,542 |
| 5. над 10,000,000 ЕУР се множи со 16% | 77,106 |
| **6. Вкупно (4+5)** | **187,648** |
| **9. Коефициент (10/11)** | **0.98598** |
| 10. Исплатени штети во 01.01.2008-31.12.2008 година исклучувајки ги штетите покриени со реосигурување | 706,624 |
| 11. Исплатени штети во 01.01.2008-31.12.2008 година вклучувајки ги штетите покриени со реосигурување | 716,675 |
| 12. Поврат на штети од реосигурување за 01.01.2008-31.12.2008 година | 10,051 |
| **Маргина на солвентност** | **185,016** |

Пресметката за маргина на солвентност за дополнително осигурување незгода кон живот е вклучена во пресметаната маргина за осигурување неживот.

| **Пресметка на маргина на солвентност - живот** | **МКД** |
|---|---|
| Математичка резерва на 31.12.2008 | 199,454 |
| (1) * 4% | 7,978 |
| Коефициент | 1 |
| Прв резултат (2 * 3) | 7,978 |
| Осигурена сума за случај на смрт | 295,309 |
| Ризичен капитал (5 - 1) | 95,855 |
| (6) * 0,3% | 288 |
| Коефициент | 1 |
| Втор резултат (7 * 8) | 288 |
| Маргина на солвентност (4 + 9) | 8,266 |



**QBE МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**
Забелешки кон финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008
(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

## 4. Бруто запишана премија

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Имоти | 376,730 | 465,804 |
| Моторни возила | 590,980 | 622,921 |
| Незгода | 187,506 | 204,009 |
| Вкупно | 1,155,216 | 1,292,734 |

## 5. Преотстапени премии во реосигурување

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| QBE International (Europe) ltd | 59,753 | 1,594 |
| Marsh (Sedgwick) | 4,132 | 5,455 |
| Harirs and Dixon | 1,866 | 23,853 |
| Equator Re | - | 69,057 |
| AIG Bulgaria | 3,935 | 4,411 |
| CHUBB insurance Company of Europe | 516 | - |
| Allianze | 95 | - |
| AIG Europe | - | 121 |
| Вкупно | 70,797 | 104,491 |

## 6. Бруто штети намалени за штети надоместени од реосигурувачи

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Бруто | Реосигурување | Бруто | Реосигурување |
| Имоти | 150,786 | 10,051 | 150,378 | 50,420 |
| Моторни возила | 491,272 | 60,565 | 458,751 | 60,161 |
| Незгода | 97,289 | - | 104,541 | - |
| | 739,347 | 70,616 | 713,670 | 110,581 |
| Трошоци за увид и процена | 475 | - | 516 | - |
| Штети надоместени со реосигурување | (70,616) | - | (110,581) | - |
| Нето штети | 669,206 | - | 603,605 | - |

## 7. Резервации за штети

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Резервации за настанати и пријавени штети | 171,198 | 101,092 |
| Резервации за настанати, а непријавени штети | 25,549 | 23,007 |
| **Вкупно** | 196,747 | 124,099 |

## 8. Долгорочни резерви

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Резерви за побарувања од премии | 36,742 | (112,324) |
| **Вкупно** | 36,742 | (112,324) |

## 9. Приходи од работењето

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Ослободена резервација по побарувања од премии | 48,620 | 82,293 |
| Приходи од регреси | 47,925 | 13,858 |
| Приходи од провизии од реосигурување | 516 | 7,731 |
| Приходи од намалување на резервации за бонуси и попусти | 20,051 | 28,334 |
| Останати приходи | 9,329 | 8,600 |
| **Вкупно** | 126,441 | 140.816 |



**QBE МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**
Забелешки кон финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008
(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

## 10. Расходи од работењето

| | | 2008 | | 2007 |
|---|---|---|---|---|
| | Живот | Неживот | Живот | Неживот |
| Бонус за клиенти | - | 26,176 | 127 | 49,150 |
| Плати | - | 250,192 | - | 250,982 |
| Реклама и пропаганда | - | 17,043 | - | 13,309 |
| Амортизација | - | 51,404 | - | 54,448 |
| Потрошени материјали и енергија | - | 19,887 | - | 24,718 |
| Отпис на побарувања по основ на премии | - | 8,950 | 63 | 10,228 |
| ПТТ услуги и транспортни трошоци | - | 17,897 | - | 19,152 |
| Противпожарен придонес | - | 14,815 | - | 20,794 |
| Платени провизии на агенти | - | 33,628 | - | 44,314 |
| Банкарски провизии и членарини | 166 | 2,599 | 215 | 3,448 |
| Останато | 36,372 | 72,780 | 10,486 | 36,676 |
| **Вкупно** | 36,538 | 515,371 | 10,891 | 527,219 |

Во останато се влезени МКД  33.285.000 (2007 МКД 36.452.000) што претставуваат членство во Национално Биро (учество во гарантниот фонд).

## 11. Приходи и расходи од вложувања

| | | 2008 | | 2007 |
|---|---|---|---|---|
| | Приходи | Расходи | Приходи | Расходи |
| Камати | 17,169 | - | 7,498 | - |
| Дивиденди | 1,929 | - | 3,088 | - |
| Ревалоризација на вложувањата во акции | - | 51,913 | 2,231 | - |
| Закупнина од вложувања во недвижности | 57,675 | - | 53,296 | - |
| Капитална добивка | 103 | - | 60,141 | - |
| Останато | 66 | - | 1,378 | - |
| **Вкупно** | 76,942 | 51,913 | 127,632 | - |

## 12. Останати приходи

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Живот | Неживот | Живот | Неживот |
| Приходи по основ неисплатени позајмици | - | - | - | - |
| Приходи по основ на неисплатени штети | - | - | - | - |
| Капитална добивка | - | 48,539 | - | 5,151 |
| Позитивни курсни разлики (нето) | - | 6,781 | - | 1,070 |
| Наплатени отпишани побарувања од минати години | - | 4,164 | - | 1,192 |
| Останато | - | 46,025 | - | 20,806 |
| **Вкупно** | - | 105,509 | - | 28,219 |

## 13. Останати расходи

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Живот | Неживот | Живот | Неживот |
| Дневници и трошоци за службени патувања | - | 4,055 | - | 2,863 |
| Трошоци за исхрана | - | 14,943 | - | 14,838 |
| Репрезентација | - | 1,550 | - | 1,566 |
| Трошоци за консултантски услуги од QBE - Лондон | - | 7,362 | - | 102,760 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | - | 8,311 | - | 10,731 |
| Судски трошоци | - | 48,813 | - | 48,876 |
| Регрес за годишен одмор, отпремнини и други примања | - | 868 | - | 1,940 |
| Комунални услуги, списанија и весници | - | 3,230 | - | - |
| Казни и пенали | - | - | - | 1,691 |
| Одржување на материјални вложувања | - | 13,898 | - | 13,836 |
| Услуги | - | 4,697 | - | 9,768 |
| Отпис на ситен инвентар | - | 57 | - | 236 |
| Капитална загуба | - | 47,518 | - | 9,843 |
| Останато | - | 36,667 | - | 30,535 |
| **Вкупно** | - | 191,969 | - | 249,483 |



**QBE МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**
Забелешки кон финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008
(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

## 14. Даноци и придонеси од добивка

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Живот | Неживот | Живот | Неживот |
| (Загуба)/Добивка пред даноци и придонеси од добивка | (22,572) | 47,263 | (8,660) | 70,878 |
| Пресметан данок по даночна стапка од 15% -2007 2008-12% | - | 4,726 | - | 8,505 |
| **Зголемување на даночната добивка по основ на:** | | | | |
| • трошоци за репрезентација и спонзорство | - | 205 | - | 713 |
| • вкалкулирани долгорочни резервации за материјални и нематеријални вложувања | - | 8,452 | - | 4,537 |
| издвојување за посебна резерва | - | - | - | 3,370 |
| надомест на членови на Управен Одбор | - | 185 | - | 201 |
| • останато | - | 820 | - | 673 |
| **Намалување на даночната добивка по основа на:** | | | | |
| • дивиденди | - | (193) | - | (371) |
| • дел од капитална добивка | - | - | - | (3,060) |
| • даночно ослободување | - | - | - | (1,349) |
| **Данок на добивка** | - | 14,195 | - | 13,219 |

Даночните власти можат во период од 5 до 10 години од датумот на поднесениот даночен извештај да извршат ревизија и да утврдат дополнителни даночни обврски и казни. Раководството нема сознанија за околности кои би можеле да доведат до значајни материјални обврски во контекст на горенаведеното.

## 15. Долгорочни финансиски вложувања

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Акции | | |
| • претпријатија | 227,000 | 239,327 |
| • банки | 60,300 | 60,300 |
| • останати финансиски организации | 57,032 | 57,078 |
| Исправка на вредноста | (277,203) | (231,182) |
| **Нето** | 67,129 | 125,523 |

## 16. Вложувања во недвижности

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **На 1 јануари** | | |
| Набавна вредност | 1,046,473 | 733,066 |
| Акумулирана амортизација | (191,785) | (105,008) |
| **Нето книговодствена вредност** | 854,688 | 628,058 |
| **Година завршена на 31 декември 2007** | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | 854,688 | 628,058 |
| Зголемување | 5,958 | 44,442 |
| Отуѓувања и отписи | (108,142) | (16,233) |
| Пренос во материјални вложувања | 2,597 | 217,747 |
| Амортизација | (24,731) | (19,326) |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | 730,370 | 854,688 |
| **На 31 декември** | | |
| Набавна вредност | 926,090 | 1,046,473 |
| Акумулирана амортизација | (195,720) | (191,785) |
| **Нето книговодствена вредност** | 730,370 | 854,688 |



**QBE МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**
Забелешки кон финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008
(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

## 17. Материјални вложувања

| **Состојба на 1 јануари 2007** | Градежни објекти | Компјутери | Мебел и опрема | Моторни возила | Инвестиции во тек | Останато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 637,857 | 525,964 | 244,936 | 33,800 | 952 | 1,426 | 1,444,935 |
| Акумулирана амортизација | (146,653) | (507,886) | (232,633) | (29,584) | - | - | (916,756) |
| **Нето книговодствена вредност** | 491,204 | 18,078 | 12,303 | 4,216 | 952 | 1,426 | 528,179 |
| **Година завршена на 31 декември 2007** | | | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | 491,204 | 18,078 | 12,303 | 4,216 | 952 | 1,426 | 528,179 |
| Зголемување | 6,520 | 4,330 | 632 | 3,062 | 9,066 | - | 23,610 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | - | (9,520) | - | (9,520) |
| Пренос од вложувања во недвижнини | (288,482) | - | - | - | - | - | (288,482) |
| Расходувања и отуѓувања | 70,735 | - | - | - | - | - | 70,735 |
| Корекција | (185) | - | (88) | - | - | - | (273) |
| Амортизација | (15,993) | (12,504) | (4,972) | (1,619) | - | - | (35,088) |
| **Крајна нето книговодствена вредност На 31 декември 2007** | 263,799 | 9,904 | 7,875 | 5,659 | 498 | 1,426 | 289,161 |
| Набавна вредност | 355,709 | 530,294 | 228,446 | 25,817 | 498 | 1,426 1, | 142,190 |
| Акумулирана амортизација | (91,910) | (520,390) | (220,571) | (20,158) | - | - | (853,029) |
| **Нето книговодствена вредност** | 263,799 | 9,904 | 7,875 | 5,659 | 498 | 1,426 | 289,161 |
| **Година завршена на 31 декември 2008** | | | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | 263,799 | 9,904 | 7,875 | 5,659 | 498 | 1,426 | 289,161 |
| Зголемување | 4,846 | 3,352 | 721 | 2,940 | 17,417 | - | 29,276 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | - | (17,818) | - | (17,818) |
| Пренос од вложувања во недвижнини | (2,597) | - | - | - | - | - | (2,597) |
| Расходувања и отуѓувања | (9,580) | - | - | - | - | - | (9,580) |
| Корекција | - | - | - | - | - | 284 284 | |
| Амортизација | (8,945) | (11,997) | (3,100) | (2,198) | - | - | (26,240) |
| **Крајна нето книговодствена вредност На 31 декември 2008** | 247,523 | 1,259 | 5,496 | 6,401 | 97 | 1,710 | 262,486 |
| Набавна вредност | 342,033 | 58,860 | 229,002 | 22,622 | 97 | 1,710 | 654,324 |
| Акумулирана амортизација | (94,510) | (57,601) | (223,506) | (16,221) | - | - | (391,838) |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | 247,523 | 1,259 | 5,496 | 6,401 | 97 | 1,710 | 262,486 |

## 18. Пласмани и депозити дадени на банки

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Краткорочни | Долгорочни | Краткорочни | Долгорочни |
| **Кредити:** | | | | |
| Претпријатија | - | 139,942 | 139,942 | - |
| **Депозити:** | | | | |
| Банки | - | 347,179 | - | 199,250 |
| | - | 487,121 | 139,942 | 199,250 |
| Исправка на вредноста | - | (139,942) | (139,942) | - |
| **Нето** | - | 347,179 | - | 199,250 |

Депозитите со рок на доспевање до 31 ден во износ МКД 10.153.000 со каматна стапка од 5,3%, депозити до 91 ден во износ МКД 326.000.000 со каматни стапки од 6,2% - 7,8% на годишно ниво и депозити орочени за два дена во износ МКД 11.025.000 со каматна стапка од 0,6%.

## 19. Побарувања за премии

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Претпријатија | 407,710 | 450,492 |
| Физички лица | 138,991 | 211,830 |
| **Вкупно** | 546,701 | 662,322 |

## 20. Побарување по основ на поврат на штети

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Побарување од реосигурувачи | 292,348 | 262,456 |
| Побарување од Национално Биро | 6,531 | 4,511 |
| **Вкупно** | 298,879 | 266,967 |



QBE МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Забелешки кон финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2008
(сите износи се искажани во илјади МКД, доколку не е поинаку назначено)

## 21. Активни временски разграничувања и останата актива

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Доспеани камати на кредити | 1,996 | 994 |
| Повеќе платени даноци и придонеси | - | 362 |
| УГ штети | 59,984 | 83,245 |
| Побарување по основ на повеќе исплатени штети | 3,630 | 18,983 |
| Побарување по основ на провизии од Национално Биро | 19,988 | 57,964 |
| Побарувања од работници | 5,135 | 5,346 |
| Однапред платени трошоци | - | 852 |
| Разлика во интерни односи | - | 6,771 |
| Вонделовни средства | 6,878 | 24,202 |
| Побарувања од QBE | 80,114 | 77,076 |
| Останато | 32,960 | 29,893 |
| **Вкупно** | 210,685 | 305,688 |

Износот од 80.114.000 МКД (2007 МКД 77.076.000) претставува побарување од QBE Insurance International, што се однесува на понудените опциони права, на вработените на QBE Македонија во текот од 2002 до 2008 година, исплатени од страна на QBE Македонија во име и за сметка на QBE Insurance International.

## 22. Хартии од вредност

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Меници | 49,284 | 49,284 |
| Вкупно | 49,284 | 49,284 |
| Исправка на вредноста на меници | (49,284) | (49,284) |
| **Вкупно** | - | - |

## 23. Парични средства

| | 2008 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | Живот | Неживот | Живот | Неживот |
| **Парични средства во благајна** | | | | |
| - во денари | - | 29 | - | 59 |
| - во девизи | - | - | - | 139 |
| Жиро сметка | 3,124 | 111,319 | 13,347 | 95,904 |
| Тековни сметки кај други банки | - | - | - | - |
| - во девизи | - | 57,403 | - | 3,134 |
| **Вкупно** | 3,124 | 168,751 | 13,347 | 99,236 |

## 24. ПВР и останата пасива

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Плати | 12,447 | 11,999 |
| Обврски за противпожарен придонес | 9,726 | 40,910 |
| Даноци и придонеси | 22,058 | 11,316 |
| Обврски по камати | - | 46 |
| Останати обврски | 5,003 | 11,665 |
| **Вкупно** | 49,234 | 75,936 |

## 25. Технички резервации

| | | 2008 | | 2007 |
|---|---|---|---|---|
| | **Живот** | **Неживот** | **Живот** | **Неживот** |
| | | | - | |
| Резервации за настанати пријавени и непријавени штети | 2,546 | 323,145 | 4,750 | 434,973 |
| Преносна премија | - | 447,334 | - | 499,820 |
| Технички резервации надоместени со реосигурување | - | (56,252) | - | (157,712) |
| **Вкупно** | 2,546 | 714,227 | 4,750 | 777,081 |

## 26. Обврски кон добавувачите

| | | 2008 | | 2007 |
|---|---|---|---|---|
| | **Живот** | **Неживот** | **Живот** | **Неживот** |
| Добавувачи за материјални вложувања | - | 67 | - | 65 |
| Добавувачи за обртни средства | - | 9,208 | - | 7,949 |
| Провизии на агенти | - | 141 | - | 1,976 |
| Обврски спрема QBE - Лондон за консултантски услуги | | 189,710 | - | 189,721 |
| Обврски кон BMS Harris and Dixon | - | 303,041 | - | 301,985 |
| QBE | - | 33,168 | - | 78,697 |
| Останато | - | 1,244 | 210 | 1,181 |
| **Вкупно** | - | 536,579 | 210 | 581,574 |





## 27. Парични средства и парични еквиваленти

При изготвувањето на извештајот за парични средства, во паричните средства и паричните еквиваленти се вклучуваат сите оние средства чии што рок на доспевање е пократок од 90 дена:

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Парични средства (Забелешка 23) | 171,875 | 112,583 |
| Чекови и меници (Забелешка 22) | 49,284 | 49,284 |
| | 221,159 | 161,867 |
| Исправка на вредноста на меници | (49,284) | (49,284) |
| **Нето** | 171,875 | 112,583 |

## 28. Преземени и потенцијални обврски

**Судски спорови**

Во рамките на тековните активности, постои можност да се добијат тужби против Друштвото. Врз основа на сопствени проценки, како и интерни и екстерни консултанти, раководството на Друштвото смета дека тужбите нема да предизвикаат материјални загуби и според тоа не е направена резервација во финансиските извештаи.

## 29. Настани после завршната сметка

По денот на составување на завршната сметка не се случиле настани од материјално значење, а кои имаат влијание на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2008.

QBE МАКЕДОНИЈА
ПРВ ИЗБОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
Ул.11 Октомври бр.25 1000 Скопје
**info@mk.qbe.com**
тел +389 2 3115 188, факс +389 2 3137 154
**www.QBEeurope.com/makedonija**

QBE